РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0903-132/4
07.02 2024 год.

# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН НА ОПШТИНА Свети Николе 2024-2027

**Содржина**

**1.ВОВЕД**

1.1 Социо-економски карактеристики на општината

1.2 Законска регулатива

1.3 Општинска структура за спроведување на Социјалниот план

**2. МАПИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ И РАНЛИВИТЕ ГРУПИ НА ЛОКАЛНО НИВО И НИВНИТЕ ПОТРЕБИ**

**3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**

3.1 Постоечки социјални услуги

3.1.1. Услуги на информирање и упатување

3.1.2. Услуги на стручна помош и поддршка

3.1.3. Услуги на советување

3.1.4. Услуги во домот

3.1.5. Услуги во заедницата

3.1.6. Услуги за вон-семејна заштита

3.2 Нови социјални услуги

3.2.1. Услуги на информирање и упатување

3.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка

3.2.3. Услуги на советување

3.2.4. Услуги во домот

3.2.5. Услуги во заедницата

3.2.6. Услуги за вон-семејна заштита

3.3 Социјални ризици

3.4 Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување

**4. ПОТРЕБНИ КАПАЦИТЕТИ И ФИНАНСИКА ПОДДРШКА**

**5. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГА**

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ОССЗ Свети Николе | Општински совет за социјална заштита на општина Свети Николе |
| ЈУ МЦСР Свети Николе | Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе |
| ЈОУДГ „Рахилка Гонева“ Свети Николе | Јавна општинска установа Детска градинка „Рахилка Гонева“ Свети Николе |
| ЈЗУ ЗД „Прим.Др.Ѓорѓи Гаврилски“ | Јавна здравствена установа Здравствен дом „Прим.Др.Ѓорѓи Гаврилски“ Свети Николе |
| ООУ „Гоце Делчев“ | Основно општинско училиште „Гоце Делчев“ |
| ООУ „Свети Кирил и Методиј“ | Основно општинско училиште „Свети Кирил и Методиј“ |
| ООУ „Даме Груев“ | Основно општинско училиште „Даме Груев“ |
| СОУ „Кочо Рацин“ | Средно општинско училиште „Кочо Рацин“ |
| ЦЛЖСН | Центар за лица жртви на семејно насилство |
| АВРСМ | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| ЦВ Свети Николе | Центар за вработување Свети Николе |
| ПИОМ | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| НВО | Невладини организации |
| ЗБПП | Закон за бесплатна правна помош |

## 1. ВОВЕД

Социјалната заштита претставува систем на политики, мерки но и превземени активности со чија помош се спречуваат и надминуваат социјалните ризици кај граѓаните. Со програмата за социјална заштита општина Свети Николе се стреми кон намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост преку јакнење на капацитетите на лицата од ранливи категории и нивна инклузија во секојдневието на општината. Општина Свети Николе дефинира повеќе приоритетни активности од областа на социјалната заштита кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на општина Свети Николе. Социјалната заштита како темел врз кој се гради стратегијата за работа со граѓаните на ниво на Локална самоуправа, е составен дел на Буџетот на Општина Свети Николе за заштита, помош и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид кој што може да има последици врз нивната добробит.

Со овој план се излегува во пресрет на барањата и потребите на идентификуваните ранливи категории граѓани и се поттикнува нивна поголема вклученост во општеството. Основа за изготвување на социјалниот план од страна на Советот за социјална заштита е регулирано со член 141 од Законот за социјална заштита во кој се определени правата и должностите на истиот, кој што ја пропишува обврската за социјално планирање пред органите на регионалната и локалната самоуправа. Документот дава преглед на досегашните достигнувања и ресурси и поставува цели и приоритети во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост во периодот од 2024 до 2027 година. Тој е во согласност со целите на социјалната политика поставени на европско и национално ниво.

Со реализацијата на овој социјален план Општина Свети Николе ја прилагодува својата работа за секој граѓанин и се труди да обезбеди квалитетен живот со почитување на принципите на правда, еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права, а гарантира дека социјалните услуги се навремени, насочени кон специфичните потреби и достапни за сите кои имаат потреба од помош и поддршка. Документот ќе придонесе кон систематско подобрување на социјалните услуги обезбедени со минимални административни барања и ефективна меѓусекторска соработка и нивно континуирано прилагодување кон индивидуалните потреби на граѓаните и стандардите за квалитет на социјалните услуги.

Основната цел на овој план е да обезбеди рамка за следење и проценка на мерките за социјална заштита што се планираат да се спроведат со цел да се идентификуваат навреме и колку што е можно повеќе да се избегнат потенцијалните ризици (лични, економски, социјални и други) кои ги ставаат одредени групи во сиромаштија и социјална исклученост. Во општина Свети Николе, со постојните институционални основи во системот на социјална заштита, вклучително граѓанско општество, верски и добротворни организации, се спроведува цел спектар на различни услуги во заедницата што го подобруваат квалитетот на животот на целото население. Досега нема систематско следење и проценка на квалитетот, резултатите од сите услуги што можат да се користат како и и консултации со ранливите групи за нивните потреби и канали за информирање за можности/услуги кои се достапни за нив во општина Свети Николе. Сепак, промените во средината, пред се финансиската криза, доведоа до потреба да се пристапи кон планирање на развој на различен начин во сите социјални сектори. Затоа, насоките за развој треба да се засноваат на резултатите од претходните активности, така што добиените промени во средината можат да се мерат и да се прилагодат на тековните потреби на населението. Со подобрување на системот за набљудување и проценка на активности и развој на партнерска соработка на различни даватели на социјална

заштита при решавање на специфични проблеми во општината, можеме да ги подобриме основните социјални потреби на населението со најголем ризик од сиромаштија и социјална исклученост.

Градоначалникот и Советот на Општина Свети Николе се залагаат и ќе направат максимален напор во границите на своите финансиски можности, но и заложби за обезбедување на средства по разни основи да овозможат задоволување на дел од потребите на социјално загрозените лица, лицата со попреченост, децата без родителска грижа, старите лица, инклузија на ранливите категотии на лица, семејствата настрадани од елементарни непогоди, жртви на насилство и други, како и да се зголемат капацитетите за згрижување на деца до предучилишна возраст во детската градинка во Свети Николе.

Веруваме дека Планот во наредниот период ќе биде соодветна рамка за дејствување од областа на социјалната заштита на нашата општина со цел подобрување на системот, во корист на сегашните и потенцијалните корисници во системот, создавање предуслови за долгорочен, фер и избалансиран развој на сите области и на целото население на општина Свети Николе.

Принципот за рамноправно учество на мажите и жените, момчињата и девојчињата е вклучен како еден од основните принципи на Социјалниот план. Во тој поглед, термините кои се користат во планот (на пр: „лица“ „граѓани", „корисници", „баратели", „пензионери“, „деца“, „ученици“ итн.) се однесуваат и на мажи и на жени, и на момчиња и на девојчиња.

## 1.1 Социо-економски карактеристики на општината

Општина Свети Николе се наоѓа во централно – источниот дел на Република Северна Македонија, зафаќа површина од 483км$^2$ и се вбројува меѓу најголемите општини во Републиката (територијално).



Општината се простира помеѓу општините: Велес, Лозово, Штип, Карбинци, Пробиштип, Кратово, Куманово и Петровец. **Седиштето на општината е во градот Свети Николе.**

Територијата на општина Свети Николе се поистоветува со областа “Овче Поле”, бидејќи таа го зафаќа најголемиот простор на ова поле кое му припаѓа на сливот на Светиниколската река или “Азмак”, десна притока на река Брегалница. Општината има различна конфигурација на теренот, каде полето е со надморската височина од 200 до 400 метри и е опкружено со ридести возвишенија со надморска висина од 900 метри.

Општина Свети Николе зафаќа површина од 483 км² и се наоѓа во Вардарскиот плански регион, што е 11,95% од вкупната површина на Вардарскиот плански регион, кој се простира на територија од 4042 км². Во рамките на Општината се наоѓаат 34 населби, но постојани се 32 населби заедно со централното место Свети Николе.

Во поглед на инфраструктурата, според податок од Урбанистичката ревизија за Општина Свети Николе, од податоци добиени од Месните заедници и од посети на терен во разговори со жителите, мнозинството од селата сметаат дека нивни најголем инфраструктурен проблем се патиштата - улиците во селата. Во поглед на водоводната мрежа, Градот Свети Николе со вода за пиење се снабдува од 2 системи: главен извор на вода е од хидросистемот „Злетовица“ и систем за алтернативно водоснабдување Бунарско поле Дивјак. Еден од главните проблеми на населените места во Свети Николе е непостоење на водоснабдување, односно во дел од населени места е потребна санација на резервоарите, а во поголем дел од селата имаат свој систем кој што редовно треба да се одржува. Овие села најчесто имаат проблеми со водоснабдување особено во летните месеци кога самите жители се поврзуваат на диво и ја користат оваа вода за наводнување со што нема доволно вода за пиење.
Во однос на фекалната канализација, има систем за собирање и третман на отпадни води во Свети Николе, воспоставен и бил во функција повеќе од 45 години. Пречистителната станица за третман на отпадните води не е во функција од 2010 година. Во однос на населените места, дел од поголемите населени места имаат канализациона мрежа, останатите помали населени места немаат канализациона мрежа, односно имаат сопствен канализационен систем - септички јами во секое домаќинство.
Во поглед на поврзаноста на селата со градот, Општината овозможи субвенциониран јавен превоз за следниве населени места Црнилиште, Пеширово, Амзабегово, Кадрифаково, Ерџелија, Мустафино и Горобинци. Организираниот јавен превоз се врши на три линии и тоа: линија број 1: Црнилиште – Пеширово – Амзабегово - Свети Николе и обратно; линија број 2: Кадрифаково – Ерџелија – Мустафино - Свети Николе и обратно; линија број 3: Свети Николе - Горобинци - Свети Николе. Превозот се одвива само во два дена во неделата и тоа во среда и сабота по двапати.

Според податоците добиени од Завод за статистика, од податоците од Пописот 2021 на население во Свети Николе бројот на вкупно резидентно население за 2022 година изнесува 15 320 жители, од кои 7 841 мажи и 7 479 жени.

| Свети Николе | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Пол - ВКУПНО** | % | **Мажи** | % | **Жени** | % |
| **Тип на населено место - ВКУПНО** | 15320 | 100% | 7841 | 51 | 7479 | 49 |
| **Градско** | 11728 | 77% | 5917 | 50 | 5811 | 50 |
| **Селско** | 3592 | 23% | 1924 | 54 | 1668 | 46 |

Табела бр.1: вкупно резидентно население по пол, според типот на населеното место
Извор: Попис 2021 објавен на 30.03.2022г.

Според пописот во 2021 година според изјаснување по национална припадност во општина Свети Николе состојбата е следна:

| Свети Николе | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Пол - ВКУПНО** | | **Мажи** | **Жени** |
| **Етничка припадност - ВКУПНО** | 15320 | % | 7841 | 7479 |
| **Македонци** | 14170 | 92.49% | 7256 | 6914 |
| **Албанци** | 10 | 0.07% | - | 10 |
| **Турци** | 57 | 0.37% | 28 | 29 |
| **Роми** | 45 | 0.29% | 16 | 29 |
| **Власи** | 134 | 0.87% | 63 | 71 |
| **Срби** | 33 | 0.22% | 9 | 24 |
| **Бошњаци** | 1 | 0.01% | - | 1 |
| **Други** | 47 | 0.31% | 30 | 17 |
| **Не се изјасниле** | - | | - | - |
| **Непознато** | 6 | 0.04% | 5 | 1 |
| **Лица за кои податоците се превземени од административни извори** | 817 | 5.33% | 434 | 383 |

Табела бр.2: вкупно резидентно население во Република Северна Македонија според изјаснувањето за етничката припадност, по пол
Извор: Попис 2021 објавен на 30.03.2022г.

Во развојот на економијата значаен фактор претставуваат природните услови и што значи за општина Свети Николе најголема предност ќе има земјоделието.

Најголемиот број на активни деловни субјекти на територијата на општина Свети Николе се во секторот на земјоделство, шумарство и рибарство – 273, со значителна разлика во однос на другите сектори. Вториот сектор по бројност на деловни субјекти е трговија на големо и на мало; поправка на моторни возила и моторцикли - 168 субјекти. Бројот на деловни субјект во останатите сектори е мал, и се движи од 1-66 каде во предност е преработувачката индустрија. Во однос на годините, може да се забележи дека има тренд на намалување во секторите освен во секторот на услужни дејности.

| **Година** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 789 | 788 | 773 | 745 | 742 |
| **А Земјоделство, шумарство и рибарство** | 325 | 319 | 297 | 283 | 273 |
| **Б Рударство и вадење на камен** | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **В Преработувачка индустрија** | 63 | 64 | 70 | 65 | 66 |
| **Г Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | / | / | 1 | 1 | / |
| **Д Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината** | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 |
| **Ѓ Градежништво** | 28 | 33 | 34 | 32 | 34 |
| **Е Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли** | 177 | 168 | 162 | 162 | 168 |
| **Ж Транспорт и складирање** | 33 | 34 | 38 | 33 | 31 |
| **З Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | 27 | 26 | 26 | 28 | 26 |
| **S Информации и комуникации** | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 |
| **И Финансиски дејности и дејности на осигурување** | / | / | / | / | / |
| **Ј Дејности во врска со недвижен имот** | 1 | 1 | 1 | - | 1 |
| **К Стручни, научни и технички дејности** | 50 | 50 | 49 | 48 | 51 |
| **Л Административни и помошни услужни дејности** | 6 | 6 | 8 | 9 | 9 |
| **Љ Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување** | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| **М Образование** | 14 | 14 | 13 | 12 | 11 |
| **Н Дејности на здравствена и социјална заштита** | 21 | 23 | 21 | 21 | 22 |
| **Њ Уметност, забава и рекреација** | 7 | 6 | 9 | 7 | 8 |
| **О Други услужни дејности** | 25 | 32 | 33 | 34 | 31 |
| **П Дејности на домаќинствата како работодавачи** | / | / | / | / | / |
| **Р Дејности на екстратериторијални организации и тела** | / | / | / | / | / |

Табела бр.3: Активни деловни субјекти по сектори на дејност според Националната класификација на дејностите Рев.2, на територијата на општина Свети Николе, по години, состојба 31 декември

## 1.2. Законска регулатива

Социјалниот план на општина Свети Николе произлегува почитувајќи ги:

- Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21 и 294/21);
- Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104/19);
- Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15,

150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21);

- Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр. 153/14);
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.24/21);
- Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21);
- Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5/02);
- Националната програма за развој на социјална заштита 2022 – 2032 година (Службен весник на РСМ, бр.237/22);
- Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2023 (Службен весник на РСМ, бр.287/22);
- и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита.

### 1.3. Општинска структура за спроведување на Социјалниот план

За остварување на дејноста за социјална заштита, Одделение за локален економски развој на општина Свети Николе достави предлог решение за формирање на Општински совет за социјална заштита до Советот на општината и истиот беше усвоен. Одделението за локален економски развој и јавни дејности при Општина Свети Николе изготвува социјален план на општина Свети Николе заедно со Општински совет за социјална заштита, потоа планот го разгледува комисијата за финансии и локален екомомски развој при Советот на општина Свети Николе, а го донесува/усвојува Советот на општина Свети Николе.
Општинскиот совет за социјална заштита на општина Свети Николе (во понатамошниот текст: ОССЗ) е формиран во 2022 година. Во рамките на овој совет има вкупно 20 членови - претставници од: Општина Свети Николе, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување – деловница Свети Николе, ЈОУДГ „Рахилка Гонева“ Свети Николе, ЈЗУ Здравствен дом „Прим.Др.Ѓорѓи Гаврилски“ Свети Николе, Центар за вработување – Свети Николе, Полициска станица Свети Николе, ООУ „Даме Груев“ с.Ерџелија, ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе, ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе, СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе, Организација на жените на општина Свети Николе, Црвен крст на РСМ – ОО Свети Николе, Здружение на инвалиди на трудот Свети Николе, Здружение на пензионери Свети Николе, Здружение Порака Свети Николе и Здружение на телесно инвалидизирани лица Свети Николе. Во прилог на овој социјален план е дадена и одлуката за формирање на овој совет.
Градоначалникот и Советот на Општина Свети Николе се залагаат и ќе направат максимален напор во границите на своите финансиски можности, но и заложби за обезбедување на средства по разни основи да обезбедат задоволување на дел од потребите на социјално загрозените лица, лицата со попреченост, старите лица, семејствата настрадани од елементарни непогоди итн.
Како контакт лица одговорни за изработка на социјален план на општина Свети Николе се Ивана Димитрова - Советник за социјална заштита и заштита на децата (ivana.jordanova@svetinikole.gov.mk 032444169 локал 130), Славица Димова - Советник за социјална заштита и заштита на децата (slavica.dimova@svetinikole.gov.mk 032444169) и Ивица Арсов – Раководител на Одделение за локален економски развој и јавни дејности (ler@svetinikole.gov.mk 032444169 локал 124).

## 2. МАПИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ И РАНЛИВИТЕ ГРУПИ НА ЛОКАЛНО НИВО И НИВНИТЕ ПОТРЕБИ

За потребите на овој Социјален план беше направено социјално мапирање и беа консултирани и вклучени претставници на клучните институции, организации и здруженија на граѓани кои работат на територијата на општина Свети Николе, а со цел да се постигне инклузивен и партиципативен процес преку кој заеднички се посветуваме на поквалитетен живот на нашите сограѓани. Секој од нив, од доменот на своето работење, придонесе со преглед и анализа на состојбите и даде предлози за потребна акција.

Со оглед на тоа дека општината континуирано и посветено работи на социјалната добросостојба на своите граѓани во предвид се земени и направена е анализа на локалните документи и политики и програми и тоа:

- Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита за 2023 година
- Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на локалниот економски развој за 2023 година
- Програма за активностите на Општина Свети Николе за поддршка на НВО секторот во 2023 година
- Програма за еднакви можности на жените и мажите во Општина Свети Николе за 2023 година
- Измена и дополнување на програмата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Свети Николе за 2023 година.

Демографски информации

Проценката на возрасната структура на населението во општина Свети Николе, според податоците добиени од Државен завод за статистика, покажува дека доминира население на возраст од 50 до 69 години. Имајќи предвид дека е видно пониска стапка на младо население, може да се заклучи дека во општина Свети Николе се забележува трендот на стареење на населението. Ова го потврдуваат и податоците кои се прикажани подолу.

Согласно статистички податоци од Државниот завод за статистика за општина Свети Николе за 2021 година се добиени следните демографски фактори.

Според возраст поделбата на населението во општина Свети Николе согласно Пописот 2021 е следнава:

| Свети Николе | **Возрасна група** | **0-4** | **5-9** | **10-14** | **15-19** | **20-24** | **25-29** | **30-34** | **35-39** | **40-44** | **45-49** | **50-54** | **55-59** | **60-64** | **65-69** | **70-74** | **75-79** | **80-84** | **85-89** | **90-94** | **95-99** | **100+** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | 15320 | 637 (4%) | 685 (4%) | 724 (5%) | 737 (5%) | 773 (5%) | 865 (6%) | 988 (6%) | 973 (6%) | 1007 (7%) | 1035 (7%) | 1153 (8%) | 1225 (8%) | 1344 (9%) | 1135 (7%) | 888 (6%) | 570 (4%) | 368 (2%) | 169 (1%) | 38 | 6 | - |

Табела бр.4: вкупно резидентно население по 5 годишни возрасни групи и пол
Извор: Попис 2021 објавен на 30.03.2022г.

Во општина Свети Николе има масовно иселување на младите, во многу од семејствата се останати само стари, болни и изнемоштени лица, кои не можат да обезбедат основна социјална и здравствена грижа, или не можат да ги задоволат своите основни животни потреби. Ваквата ситуација, особено влијае на опаѓање на квалитетот на животот на оваа ранлива група, а посебно ранливи се старите лица во руралните средини.

► Податоци поврзани со стари лица

Кога станува збор за старите лица, тие претставуваат социјално најмаргинализирана категорија на граѓани, посебно оние кои живеат во руралните средини. Од претходно направени истражувања и информации добиени од претседателите на месните заедници, може да се утврди дека социјално најмаргинализирана категорија се старите лица којшто живеат сами и без грижа во оддалечените села, но и оние лица коишто останале сами во градот и селата, бидејќи семејствата им се иселени надвор од државата.

Според собраните податоци се направи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи и нивните потреби, а во продолжение даваме преглед на состојбата:

- Од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Свети Николе за последните три години се добиени следниве податоци:
  28 стари лица се без основни средства за живот, 5 стари лица се без семејна грижа. Бројот на стари и изнемоштени кои живеат во самечки домаќинства е околу 15-20 лица (за овој податок немаат точна евиденција од Центарот за социјална работа).
- Согласно статистичките податоци добиени од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување бројот на пензионери на територија на Општина Свети Николе:

| | **Вкупен број на пензионери** | **Корисници на инвалидска пензија** | **Корисници на семејна пензија** | **Корисници на старосна пензија** |
|---|---|---|---|---|
| **2022** | 4210 пензионери | 241 мажи<br>191 жени | 95 мажи<br>748 жени | 1673 мажи<br>1261 жени |
| **2021** | 4218 пензионери | 259 мажи<br>204 жени | 100 мажи<br>791 жени | 1642 мажи<br>1222 жени |
| **2020** | 4104 пензионери | 268 мажи<br>215 жени | 90 мажи<br>797 жени | 1584 мажи<br>1150 жени |

Табела бр.5: вкупно број на пензионери, по вид на пензија и по пол

Извор: Одговор од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Свети Николе добиен на 07.08.2023г.

Пензионерите се организирани во Здружение на пензионери на Општина Свети Николе. Бројот на членови – пензионери изнесува 2750, се организирани во 8 ограноци од кои 3 во градот Свети Николе и 5 ограноци во селските населби. Здружението работи врз основа на Годишна програма каде се опфатени програмските задачи на органите и телата. Во состав на Здружението работат 2 пензионерски клуба каде што пензионерите го поминуваат своето слободно време во играње на шах, карти, табла, домино и др. (http://www.szpm.org.mk/sveti_nikole/).

►Податоци поврзани со деца и млади лица

Податоците се доставени од ЈОУ Детска Градинка „Рахилка Гонева“ Свети Николе и врз основа на нив може да се види согласно годините имаме зголемување на бројот на деца со попреченост, но од друга страна пак има намалување на вкупен број на деца по години 2020 наспроти 2022 година.

| | **Деца** | **Деца ослободени од партиципација** | **Деца со попреченост** |
|---|---|---|---|
| **2022 Вкупно** | **390** | **0** | **3** |
| М | 216 | 0 | 2 |
| Ж | 174 | 0 | 1 |
| **2021 Вкупно** | **289** | **1** | **2** |
| М | 159 | 0 | 1 |
| Ж | 130 | 1 | 1 |
| **2020 Вкупно** | **427** | **6** | **1** |
| М | 231 | 2 | 1 |
| Ж | 196 | 4 | 0 |

Табела бр.6: вкупно број на деца, по пол
Извор: Одговор од ЈОУ Детска Градинка „Рахилка Гонева“ Свети Николе добиен на 04.09.2023г.

Податоците се доставени од ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе

| **Ученици кои завршиле во учебната 2022/23 година изделени по пол** | | **Податоци за социјални услуги и услуги на социјална превенција и постапки кои се водат во делот на брак и семејство, заштита на деца за учебна 2022/23** | |
|---|---|---|---|
| Момчиња | Девојчиња | Момчиња | Девојчиња |
| 257 | 240 | 7 | 13 |
| **Ученици кои завршиле во учебната 2021/22 година изделени по пол** | | **Податоци за социјални услуги и услуги на социјална превенција и постапки кои се водат во делот на брак и семејство, заштита на деца за учебна 2021/22** | |
| Момчиња | Девојчиња | Момчиња | Девојчиња |
| 257 | 247 | 13 | 7 |
| **Ученици кои завршиле во учебната 2020/21 година изделени по пол** | | **Податоци за социјални услуги и услуги на социјална превенција и постапки кои се водат во делот на брак и семејство, заштита на деца за учебна 2020/21** | |
| Момчиња | Девојчиња | Момчиња | Девојчиња |
| 246 | 249 | 12 | 10 |

Табела бр.7: вкупно број на ученици, по социјални услуги и по пол
Извор: Одговор од ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе добиен на 22.08.2023г.

Податоците се доставени од ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе

| | **2022/23** | **2021/22** | **2020/21** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **536** | **566** | **571** |
| Машки | 288 | 297 | 308 |
| Женски | 248 | 269 | 263 |

Табела бр.8: вкупно број на ученици, по пол
Извор: Одговор од ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе добиен на 22.08.2023г.

Податоците се доставени од ООУ „Даме Груев“, с.Ерџелија, Свети Николе

| **Учебна година** | **Ученици по пол** | | **Социјални услуги и социјална превенција** | | **Брак и семејство, заштита на деца** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | | | | |
| 2022/23 | 8 | 5 | 8 | 4 | 0 | 1 |
| 2021/22 | 7 | 4 | 7 | 2 | 0 | 2 |
| 2020/21 | 6 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 |
| *Респоменатите податоци се однесуваат на ученици кои во нашата евиденција се водат како ученици од социјален ризик, од семејства со самохрани родители, бракоразводни постапки, ученици со хронични здравствени проблеми, егзистенцијални проблеми итн. за кои училиштето низ годините обезбедило социјална помош и превенција на поединец и на целото семејство преку едукативни средби, советодавни разговори, домашни посети во домот на ученикот, едукативни предавања од областа на здравствена и социјална заштита и обезбедило соодветни донации или организирани хуманитарни акции на облека, училишен прибор итн.<br><br>Во продолжение се податоци од наши ученици, чии семејства се корисници на Гарантирана минимална помош ГМП, социјална заштита во рамките на ЦСР Свети Николе, од каде што се добиени и податоците. | | | | | | |
| 2020/21 | / | / | | | | |
| 2021/22 | 12 | 6 | | | | |
| 2022/23 | 4 | 3 | | | | |

Табела бр.9: вкупно број на ученици по основ на социјална заштита и по пол
Извор: Одговор од ООУ „Даме Груев“, с.Ерџелија Свети Николе добиен на 21.08.2023г.

Податоците се добиени од ООУ „Даме Груев“, с.Ерџелија, за ученици - корисници на социјални услуги, односно образовен додаток, за последните три учебни години:

| Учебна година | Ученици по пол – образовен додаток | | |
|---|---|---|---|
| | М | Ж | Вкупно |
| 2020/21 | 14 | 16 | 30 |
| 2021/22 | 18 | 16 | 34 |
| 2022/23 | 14 | 12 | 26 |

Табела бр.10: вкупно број на ученици по основ на образовен додаток и по пол
Извор: Одговор од ООУ „Даме Груев“, с.Ерџелија Свети Николе добиен на 10.11.2023г

| Учебна година | Вкупен број на ученици | | |
|---|---|---|---|
| | М | Ж | Вкупно |
| 2020/21 | 102 | 85 | 187 |
| 2021/22 | 107 | 89 | 196 |
| 2022/23 | 94 | 87 | 181 |

Табела бр.11: вкупно број на ученици, по пол
Извор: Одговор од ООУ „Даме Груев“, с.Ерџелија Свети Николе добиен на 10.11.2023г

Податоците се доставени од СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе

| | **2022/23** | **2021/22** | **2020/21** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 349 | 355 | 388 |
| Машки | 202 | 193 | 202 |
| Женски | 147 | 162 | 186 |

Табела бр.12: вкупно број на ученици, по пол
Извор: Одговор од СОУ „Кочо Рацин“, Свети Николе добиен на 10.11.2023г

► Податоци поврзани со лица со попреченост

Состојбата на лица со попреченост (лица со интелектуална и телесна попреченост, телесни инвалиди, деца со аутизам, деца со говорни недостатоци, лица со комбинирани пречки, лица со оштетен вид и слух, лица со пречки во менталниот развој) во општина Свети Николе е следната и истата е добиена од податоци од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Свети Николе.

| | 2022 | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Лица со оштетен вид | 35 | 34 | 30 |
| Лица со оштетен слух | 30 | 31 | 33 |
| Лица со телесен инвалидитет | 25 | 25 | 25 |
| Лица со интелектуална попреченост | 158 | 148 | 138 |
| Лица со умерени пречки | 22 | 22 | 20 |
| Лица со комбинирани пречки | 33 | 35 | 33 |
| Лица со пречки во вербална комуникација (глас, говор и јазик) | 4 | 4 | 4 |
| Лица со тешка телесна инвалидност | 13 | 12 | 15 |
| Аутистични лица | 4 | 3 | 3 |
| Лица со даунов синдром | 5 | 5 | 5 |

Табела бр.13: вкупно број на лица со попреченост, по години
Извор: Одговор од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Свети Николе добиен на 07.08.2023г

Од табелата може да се воочи дека најголем број имаме лица со интелектуална попреченост каде истовремено има и тренд на зголемување на бројот во последните три години.

Согласно податоците од Центарот за вработување – Свети Николе, во табелата подолу се податоци на невработени лица – инвалидни лица според вид на инвалидност, од која може да се согледа – за 2022 година вкупно евидентирани 18 невработени инвалидни лица од кои што 5 се жени.

| | Вкупно | | ВВИ-воени инвалиди | | ВВИ-воени мирновр. | | ИТ-инвал. труд | | ПВ-пречки во видот | | ПВ-пречки во слухот | | ПГТ-пречки во говор | | ТИЛ-телесна инвалидност | | ППР-пречки псих. развој | | КИ-комбин. пречки | | ОКИ-остана. категории | | ОНИ-остана. некатегории | | Пречки во говор и слух | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 2022 | 18 | 5 (28%) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 3 | 1 | 9 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2021 | 19 | 6 (32%) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 6 | 2 | 8 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2020 | 23 | 5 (22%) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 10 | 2 | 6 | 1 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Табела бр.14: вкупно број на невработени инвалидни лица, по пол
Извор: Одговор од Центарот за вработување – Свети Николе добиен на 10.08.2023г

֍ Податоци поврзани со невработени лица

Согласно податоците од Центарот за вработување – Свети Николе, во табелата се податоци за евидентирани лица како активни баратели на работа:

| | Вкупно | | Од 15-19 год. | | Од 20-24 год. | | Од 25-29 год. | | Од 30-34 год. | | Од 35-39 год. | | Од 40-44 год. | | Од 45-49 год. | | Од 50-54 год. | | Од 55-59 год. | | 60 год. и пов. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 2022 | 840 | 388 (46%) | 10 | 4 | 50 | 30 | 68 | 37 | 73 | 36 | 63 | 34 | 54 | 27 | 64 | 37 | 86 | 44 | 162 | 75 | **210** | 64 |
| 2021 | 1130 | 590 (52%) | 15 | 9 | 73 | 47 | 95 | 50 | 108 | 62 | 78 | 43 | 66 | 41 | 86 | 57 | 133 | 83 | 216 | 102 | **260** | 96 |
| 2020 | 1302 | 581 (45%) | 36 | 16 | 113 | 56 | 135 | 70 | 139 | 62 | 91 | 39 | 86 | 38 | 75 | 49 | 123 | 65 | 219 | 94 | **285** | 92 |

Табела бр.15: вкупно број на невработени лица – активни баратели, по пол
Извор: Одговор од Центарот за вработување – Свети Николе добиен на 10.08.2023г

И пасивни баратели на работа:

| | Вкупно | | Од 15-19 год. | | Од 20-24 год. | | Од 25-29 год. | | Од 30-34 год. | | Од 35-39 год. | | Од 40-44 год. | | Од 45-49 год. | | Од 50-54 год. | | Од 55-59 год. | | 60 год. и пов. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 2022 | 707 | 313 (44%) | 8 | 3 | 52 | 22 | 57 | 20 | 53 | 20 | 66 | 32 | 86 | 29 | 79 | 32 | 113 | 59 | **116** | 67 | 77 | 29 |
| 2021 | 702 | 284 (40%) | 4 | 3 | 45 | 16 | 64 | 23 | 61 | 25 | 72 | 28 | 83 | 23 | 90 | 32 | 109 | 53 | **111** | 61 | 63 | 20 |
| 2020 | 1080 | 429 (40%) | 12 | 4 | 91 | 33 | 99 | 42 | 123 | 45 | 116 | 53 | 111 | 31 | 127 | 44 | **162** | 66 | 160 | 79 | 79 | 32 |

Табела бр.16: вкупно број на невработени лица – пасивни баратели, по пол
Извор: Одговор од Центарот за вработување – Свети Николе добиен на 10.08.2023г

Невработеноста кај активните баратели на работа, без оглед дали се работи за млади лица или лица во поодминати години е проблем од големо значење и води кон сиромаштија и миграција од Свети Николе. Според податоците во табелите погоре, од вкупната бројка на активни баратели, за период 2020-2022 година, најголем процент се невработени лица кои се над 60 години (најголем број мажи околу 30%), лица пред пензионирање, а како следна категорија е возраста од 55 до 59 години (најголем број се жени – околу 40%). Следствено на годините, се забележува тренд на опаѓање на бројот на невработени лица во овие категори. Во однос на пасивните баратели на работа, највисока бројка имаме во категорија 55-59 години.

Согласно податоците од АВРСМ, според категорија образование, најголем број на невработени лица, како активни баратели, се лица без образование или со основно образование (2022 – 339 лица (161 жени), 2021 – 414 лица (205 жени) и 2020 – 496 лица (232 жени)) и лица со завршено средно образование (2022 – 335 лица (146 жени), 2021 – 497 лица (270 жени) и 2020 – 516 лица (213 жени)). Исто е и со пасивните баратели, лица без образование или со основно образование (2022 – 225 лица (127 жени), 2021 – 229 лица (122 жени) и 2020 – 343 лица (174 жени)) и лица со завршено средно образование (2022 – 370 лица (150 жени), 2021 – 360 лица (131 жена) и 2020 – 574 лица (182 жени)). Невработени лица со завршено високо образование за 2022 година 77 (активни баратели – 48 жени) и 34 (пасивни баратели – 11 жени), а магистри на науки се 5 лица – 3 жени (активни баратели) и 2 – 1 жена (пасивни баратели). Сумирано по години (активни и пасивни) најголем процент на невработени лица без/со основно и средно образование има во 2020 (41%), процентот на невработени жени е највисок во 2020 година - 38%, а кај мажите е 43%. Невработеноста во однос на мажи и жени во категоријата - без/со основно и средно образование, во периодот 2022 - 2020 година е поголем кај мажите околу 54%.

Според националност, најголем дел од евидентираните баратели на работа се Македонци (97% од вкупниот процент на активни баратели, 98% од вкупниот процент на пасивни баратели за 2022 година).

Според времето на чекање на вработување во 2022 година, највисок број од лицата кои што се евидентирани во АВРСМ – Центар за вработување Свети Николе, се со период од еден до пет месеци 148 лица – 63 жени (активни баратели) и 159 лица – 79 жени (пасивни баратели), но загрижувачки е и податокот што дури 50 лица – 16 жени (активни баратели) и 68 лица – 34 жени (пасивни баратели) се евидентирани како невработени во период од осум и повеќе години, додека 82 лица – 30 жени (активни баратели) и 39 лица – 15 жени (пасивни баратели) се евидентирани во период од пет до седум години.

Податоци поврзани со социјални категории на граѓани (мажи и жени)

При одредување на социјалните фактори се користени податоци добиени од ЈУ МЦСР – Свети Николе како би послужиле за мапирање на лицата од ранливи групи во Општина Свети Николе и нивните потреби.

Според податоците од ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе, регистрирани се следните корисници на Права на парична помош од социјална заштита за последните 3 години, и тоа:

| | 2022 | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Гарантирана минимална помош | 147 | 147 | 135 |
| Надоместок за помош и нега | 541 | 541 | 537 |
| Надоместок заради попреченост | 109 | 105 | 104 |
| Надоместок заради скратено работно време | 2 | 2 | 2 |
| Траен надоместок на родител на дете со попреченост | 0 | 0 | 0 |
| Посебен додаток | 54 | 54 | 50 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Еднократна парична помош | 11 | 11 | 18 |
| Социјална сигурност за стари лица | 23 | 23 | 20 |
| Гарантиран детски додаток | 87 | 73 | 69 |
| Посебен додаток | 54 | 54 | 54 |
| Право на здравствена заштита | 57 | 57 | 57 |
| Право на надоместок на трошоци за сместување на лице и надоместок за сместување | 0 | 0 | 0 |
| Цивилна инвалидна | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **1085** | **1067** | **1046** |

Табела бр.17: вкупно број на корисници на парична помош, по години
Извор: Одговор од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Свети Николе добиен на 07.08.2023г

Најголем број се лица кои користат паричен надоместок за помош и нега, а потоа гарантирана минимална помош и надоместок заради попреченост.

Општина Свети Николе, врз основа на Програмата за социјална заштита и заштита на деца, исплатила еднократна парична помош по категории согласно поднесени барања од жителите – мажи и жени, за последните 3 години, и тоа:

- Исплатена еднократна парична помош на мажи и жени кои поднеле барања до Општина Свети Николе

| | **Социјална помош** | **Новороденче (подносители)** | **Семејно насилство** | **Самохрани родители** | **Стари и изнемоштени лица** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2022 Вкупно** | **202** | **78** | **3** | **31** | **0** |
| М | 93 | 16 | 0 | 6 | 0 |
| Ж | 109 | 82 | 3 | 25 | 0 |
| **2021 Вкупно** | **162** | **106** | **1** | **27** | **16** |
| М | 75 | 24 | 0 | 5 | 7 |
| Ж | 87 | 82 | 1 | 22 | 9 |
| **2020 Вкупно** | **146** | **107** | **0** | **27** | **0** |
| М | 75 | 23 | 0 | 5 | 0 |
| Ж | 71 | 84 | 0 | 22 | 0 |

Табела бр.18: вкупно број на корисници на еднократна парична помош, по категории и години
Извор: Одговор од Општина Свети Николе добиен на 11.09.2023г

- Исплатена еднократна парична помош на мажи и жени кои поднеле барања до Советот на општина Свети Николе

| | Лекување | Непогода (опожарен дом, оштетен кров, поплава) |
|---|---|---|
| **2022 Вкупно** | **5** | **5** |
| М | 2 | 4 |
| Ж | 3 | 1 |
| **2021 Вкупно** | **4** | **4** |
| М | 1 | 1 |
| Ж | 3 | 1 |
| **2020 Вкупно** | **6** | **4** |
| М | 2 | 3 |
| Ж | 4 | 1 |

Табела бр.19: вкупно број на корисници на еднократна парична помош, по категории и години
Извор: Одговор од Општина Свети Николе добиен на 11.09.2023г

- Социјални пакети за корисници на социјална помош согласно податоци од Центарот за социјална работа – Свети Николе

| | Социјални пакети | Социјални пакети - жители од рурална средина | Социјални пакети - жители од урбана средина |
|---|---|---|---|
| **2022 Вкупно** | **223** | **89** | **134** |
| М | 141 | 66 | 75 |
| Ж | 82 | 23 | 59 |
| **2021 Вкупно** | **217** | **86** | **131** |
| М | 142 | 67 | 75 |
| Ж | 75 | 19 | 56 |
| **2020 Вкупно** | **270** | **/** | **/** |
| М | / | / | / |
| Ж | / | / | / |

Табела бр.20: вкупно број на корисници на социјални пакети, по пол и години
Извор: Одговор од Општина Свети Николе добиен на 11.09.2023г

Податоците се доставени од ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе во делот на брак и семејство, заштита на деца и заштита на полнолетни (возрасни) лица за 2022, 2021 и 2020 година

| | 2022 | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Брак и семејство** | **141** | **173** | **147** |
| Бракоразводи постапки во општината | 15 | 25 | 16 |
| Лица со нарушени партнерски и брачни односи | 35 | 36 | 26 |
| Дете на кое му се уредуваат односите со родителот со кој не живее | 27 | 50 | 47 |
| Малолетно лице кое сака да стапи во брак пред полнолетство | 0 | 0 | 0 |
| **Малолетни деца во ризик кои се обиделе да формират брачна заедница пред 16 години | 2 | 2 | 2 |
| Жртви на семејно насилство | 27 | 27 | 27 |
| Сторители на семејно насилство | 35 | 33 | 29 |

Табела бр.21: вкупно број на корисници, по години

Извор: Одговор од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Свети Николе добиен на 07.08.2023г

- Во постапките од брак и семејство во изминатата година има намалување на бројот на постапки во оваа категорија за разлика од 2021 година кога има поголема бројка во сите категории, освен во категоријата сторилите на семејно насилство. Во делот на заштита на деца и возрасни има голем број на предмети од деца односно лица со попреченост.

| | **2022** | **2021** | **2020** |
|---|---|---|---|
| **Заштита на деца** | 97 | 101 | 112 |
| Дете без родители и родителска грижа | 9 | 11 | 7 |
| Дете со попреченост | 37 | 27 | 27 |
| Дете во ризик | 27 | 11 | 16 |
| Дете во судир со законот | 21 | 27 | 12 |
| Малолетно лице под старателство | 9 | 36 | 5 |
| Надзор на вршење на родителско право | 1 | 6 | 4 |
| Одземање на родителско право | 0 | 2 | 1 |
| Посвојување | 3 | 3 | 0 |
| **Заштита на возрасни** | 333 | 332 | 331 |
| Полнолетни лица со попреченост | 245 | 243 | 250 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Возрасно лице под старателство - целосно одземање на деловна способност | 17 | 17 | 17 |
| Возрасно лице под старателство - делумно одземање на деловна способност | 1 | 1 | 5 |
| Старателство – под посебен случај | 8 | 8 | 7 |
| Лице кое злоупотребува дроги и други психотропни супстации | 1 | 1 | 1 |
| Лице кое злоупотребува алхохол или се лекува | 2 | 2 | 2 |
| Возрасно лице со изречени алтернативни мерки | 0 | 0 | 0 |
| Возрасно лице под отпуштање од установа | 13 | 6 | 6 |
| Лице жртва на трговија со луге | 0 | 0 | 0 |
| Бездомно лице | 0 | 0 | 0 |
| Старо лице | 2 | 5 | 5 |
| Лице азилант | 0 | 0 | 0 |
| Носител на згрижувачко семејство | 1 | 1 | 1 |
| Носител на роднинско згрижување | 1 | 1 | 1 |
| Интегрирано советувалиште | 40 | 41 | 27 |

Табела бр.22: вкупно број на корисници, по години
Извор: Одговор од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Свети Николе добиен на 07.08.2023г

- Податоци од Основно јавно обвинителство добиени на 31.07.2023г. и МВР Свети Николе добиени на 08.08.2023г.

- 2020 година ОЈО Свети Николе има евидентирано 5 жртви на семејно насилство, сите се од женски пол, сите 5 лица се стари лица жртви на семејно насилство, сите 5 жртви се со место на живеење во Свети Николе.
  2020 година МВР Свети Николе има евидентирано 5 жртви на семејно насилство во град, од кои сите 5 жртви се од женски пол, а во село евидентирани се 1 маж и 3 жени.
- 2021 година ОЈО Свети Николе има евидентирано 13 жртви на семејно насилство, од кои 8 жртви се од машки пол, а 5 жртви се од женски пол, сите 13 жртви се стари лица, од кои 6 се со место на живеење во Свети Николе, 1 во Кочани, 1 во с.Долно Ѓуѓанци, 2 во с.Ерџелија, 1 во с.Горно Црнилиште, 1 во с.Лозово и 1 во с.Аџиматово.
  2021 година МВР Свети Николе има евидентирано 4 жртви на семејно насилство во град – 4 жени, а во село евидентирани се 6 мажи (1 старо лице) и 2 жени.
- 2022 година ОЈО Свети Николе има евидентирано 12 жртви на семејно насилство, од кои 8 се од женски пол, а 4 се од машки пол, сите 12 жртви се возрасни лица, од кои 7 се со место на живеење во Свети Николе, 2 во с.Ерџелија, 1. во с.Дорфулија, 1 во с.Горобинци и 1 во с.Лозово.
  2022 година МВР Свети Николе има евидентирано 3 жртви на семејно насилство во град и тоа 2 жени и 1 маж, а во село евидентирани се 3 мажи (1 старо лице) и 1 жена.

## 3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Социјалните услуги се сите оние активности, мерки и програми наменети за спречување, идентификување и решавање на проблеми и тешкотии на поединците, семејствата, групите и заедниците и за подобрување на квалитетот на нивниот живот во заедницата. Истите се обезбедуваат на корисниците во нивната семејна и локалната заедница како вонинституционални услуги или како институционални услуги обезбедени со сместување на корисници во домови за социјална заштита.
Социјалните услуги се обезбедени со цел да им се овозможи на луѓето да живеат во заедницата и да обезбедат помош во ситуации кои го загрозуваат животот, здравјето и благосостојбата на корисниците. Целта на обезбедувањето социјални услуги е да се спречи социјалната исклученост на поединецот, да се поддржи животот во природната заедница и да се заштитат социјално ранливите групи на граѓани од кршење на нивните човекови права. Социјалните услуги ги вклучуваат сите активности, мерки и програми дизајнирани да ги спречат, идентификуваат и адресираат тешкотиите на поединците, семејствата, групите и заедниците и да го подобрат квалитетот на животот во заедницата. Социјалните услуги се организираат како услуги за деца, млади и семејство и услуги за возрасни, истовремено почитувајќи ги социјалните врски и околината на корисниците и семејствата. Социјалните услуги вклучуваат и социјални активности како активност насочена кон промовирање на правата на корисниците и поврзување на сите даватели на социјални услуги во локалната заедница со цел да се подигне квалитетот на животот на социјално ранливите групи. Социјалните услуги можат да бидат обезбедени привремено или долго време, според потребите и најдобрите интереси на корисниците.
Социјалните услуги се обезбедуваат преку голем број даватели на услуги за различни групи на корисници, кои, во зависност од нивниот официјален правен статус, можат да се поделат во институции за социјална заштита (центри за социјална заштита, домови за социјална заштита, центри за услуги во заедницата, центри за помош во дом), други правни лица (здруженија и верски заедници), физички лица кои самостојно вршат професионални активности (претежно во семејниот дом) и згрижувачки семејства.

Во изминатиот период општина Свети Николе, заедно со сите чинители вклучени во полето на социјална заштита, работеше на обезбедувањето на потребните услови кои ќе придонесат кон превенција и надминување на социјалните проблеми на жителите на општина Свети Николе, но и на воспоставување на функционални социјални услуги кои ќе спречат создавање на нови социјални ризици.

### 3.1 Постоечки социјални услуги

Општина Свети Николе секогаш ја покажува својата силна заложба во спроведување на активности, проекти и социјални услуги од доменот на социјалната заштита, како и мапирање на потребите на лицата социјално загрозени. Согласно социјалните услуги, кои се обезбедуваат во рамките на новиот Закон за социјална заштита Општина Свети Николе ги имплементира следниве социјални услуги:

**3.1.1 Услуги на информирање и упатување**, согласно член 71 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински ценатр за социјална работа – Свети Николе. Услугите на информирање и упатување опфаќаат информирање на граѓаните за правата од социјална заштита и расположливите социјални услуги, првична проценка и упатување до други институции, со цел остварување непречен пристап до правата и услугите.

**3.1.2 Услуги на стручна помош и поддршка**, согласно член 72 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински ценатр за социјална работа – Свети Николе. Услугите на стручна помош и поддршка на поединец и семејство

опфаќаат помош и поддршка за надминување на индивидуални и семејни проблеми преку проценка, планирање, интервенции за заштита и евалуација, како и следење на состојбата по завршување на интервенциите, со цел зајакнување, промоција на нивниот непречен развој, обезбедување и одржување на добросостојбата и независноста и нивно долгорочно оспособување за самостојно надминување на социјалните проблеми.
Општина Свети Николе за 2023 година, дава финансиска поддршка на Организација на жените на општина Свети Николе за реализиација на услуга - групата за самопомош на жените заболени и излекувани од малгни болести како и на новозаболените жени. Преку оваа услуга се овозможува едукација за превенција од рак на дојка и матка, да се охрабрат жените секоја година да прават ехо преглед на дојка, редовни контроли и по потреба мамографски прегледи како и гинеколошки и редовни месечни самопрегледи. За потребите на жените се ангажираат стручни лица кои даваат соодветна стручна здравствена и психолошка едукација со доктор и психолог и физиотерапевт.

**3.1.3 Услуги на советување**, согласно член 73 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Свети Николе. Услугите на советување опфаќаат советодавна работа, односно советувалишна работа, со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство, и тоа:

- подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи;
- советување при развод на брак;
- семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи;
- психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство;
- психо-социјален третман на сторители на семејно насилство и
- други специјализирани видови на советувања.

Здружението на граѓани - Организација на жените на општина Свети Николе нуди услуги за доверливо психо-социјално советување или друг вид на психолошка помош и поддршка зависно од потребите и штетата која корисниците ја претрпеле и е наменета за сите лица од маргинализирани заедници и во социјален ризик, како и на барателите на примарна правна помош и корисниците на секундарна правна помош.
Исто така обезбедуваат и Бесплатната примарна правна помош во форма и облици уредени со Законот за бесплатна правна помош (иницијален правен совет за правото на користење на бесплатна правна помош, општа правна информација, општ правен совет, помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош, помош при пополнување на формулари, обрасци издадени од управен орган во управна постапка за: социјална заштита и заштита на правата на децата; пензиско, инвалидско и здравствено осигурување; заштита на жртви на насилство и семејно насилство; постапка за упис во матична книга на родени; стекнување со документи за лична идентификација и државјанство, составување на претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител и составување на барања за заштита на слободи и права до Уставниот суд на Република Северна Македонија).

**3.1.4 Услуги во домот**
Првите две опишани услуги се завршени многу одамна и веќе не се спроведуваат, но се прикажани како потенцијални модели кои можат да се предвидат и воспостават повторно во иднина.

Помош и нега во домот

►Проектот **”Палијативна служба”,** како дел од пилот Програмата за Општинско корисна работа во периодот Септември 2012 – Февруари 2013 год. Палијативната служба делуваше на терен, работеше со лицата кои се борат со крајот на животот, а особено важен е делот за останатите членови кои ќе треба да се соочуваат со губењето на член од семејството. Службата работеше во канцеларија во просториите на Здравниот Дом. На повик кај докторот за општа медицина и неговата медицинска сестра, заедно со останатите членови на палијативната служба (социјален работник, психолог, масажер и волонтер) се посетуваа семејствата и им се укажуваше помош. Исто така, палијативната служба имаше и свој телефонски број на кој можеа граѓаните да ги консултираат и бараат совети, особено од психологот и социјалниот работник.

►Во четвртата фаза на Програмата за Општинско корисна работа IV со ОКО сервис 3 (Општествено Корисна Општина) беше активност „**Помош на семејствата кои живеат со лица со целебрална парализа**“. Помошта на семејствата коишто имаат лица со церебрална парализа овозможи подобра социјализација на лицата заболени со церебрална парализа, истовремено на членовите на семејството овозможи слободно време за да можат да ги извршат своите секојдневни работи. Ангажираните лица посетуваа обуката реализирана од страна на медицински лица од Здраствениот дом „Др. Прим. Ѓорѓи Гаврилски“ Свети Николе каде добија насоки за работа со лицата со церебрална парализа (помош при исхрана, вежби, масажа и други неопходни потреби).

Лична асистенција

Оваа активност, иако се однесува на лична асистенција, согласно Законот за социјална заштита не е по неговата дефиниција (се однесува на лица од 18 до 65 годиини), но сепак е вредно да се прикаже како активност која сме ја реализирале како Општина.

►**Образовни и лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес**

Општина Свети Николе секогаш ја покажува својата силна заложба кога се работи за ученици со попреченост вклучени во редовниот процес. Од 2018 година преку Програмата ОКР започна со реализација на оваа социјална услуга - Лични асистенти на ученици со попреченост во основно образование. Проектот се имплементира преку програмата Општинско – корисна работа (ОКР) во партнерство помеѓу Општина Свети Николе и Агенција за вработување на Р.М и истиот е финансиски поддржан од страна на УНДП. Во учебната 2019/2020 година бројот на ангажирани лица е 9 лица (5 образовни асистенти и 4 лични асистенти) финансирани од УНДП со 20% кофинансирање од Општина Свети Николе.

Исто така, во тек е и реализација на активност за 2023/2024 година, во која е вклучен еден образовен и еден личен асистент во средното училиште. Обрзовниот и личниот асистент работат со учениците со посебни образовни потреби за да можат полесно да ја совладаат наставната програма и полесно да се вклопат во средината, односно им овозможуваат помош во движење, исхрана и одржување на лична хигиена, истовремено асистентите воспоставуваат соработка и со наставниците, родителите/старателите, стручните работници и инклузивниот тим на ученикот.

► **Провајдер на услуги – Црвен Крст Свети Николе**

Во 2022 година, на иницијатива на Црвен крст односно Црвен крст Штип, беше објавен оглас за платена обука на 12 жени - негувателки за стари лица. На огласот се пријавија 11 жени, но обуката ја завршија 6 жени - негувателки на стари лица. Црвен Крст Свети Николе планира да отпочне процедура за регистрација како провајдер на услуги преку МТСП, но во моментот има недостаток на вработено лице кое ќе биде задолжено како координатор на негуватели/ки. Моментално на територијата на општина Свети Николе од обучените негувателки за стари лица нема работно ангажирани, додека негувателки за лична асистенција од општина Штип даваат услуга на корисници од село Ерџелија и други места на територија на општината по потреба и процена од вработените на ЈУМЦСР Свети Николе. Истите се ангажирани преку Црвен Крст Неготино, кој е

регистриран провајдер на услуги за сите категории.

### 3.1.5 Услуги во заедницата

Услуга за дневен престој

►**Дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост** е отворен во 2010 година и истиот функционира како организациона единица на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Свети Николе, сместен во Детската градинка „Рахилка Гонева“. Местоположбата допринесува за нормално и правилно фукционирање на центарот и условите ги задоволуват потребите на корисниците. Услугите на дневниот центар ги користат 13 корисници на возраст од 18 до 56 години, од кои 5 со тешка интелектуална попреченост, 5 со комбинирани пречки во развојот и 3 со умерена интелектуална попреченост. Во однос на полот 6 се женски и 7 машки.
Дневниот центар на корисниците им обезбедува дневно згрижување, организиран превоз и исхрана, стимулирање на развојот на индивидуалните способности, културно – хигиенски и работни навики, како и социјализација преку активности ориентирани преку заедницата. Подршката на родителите се обезбедува преку превземање и грижа за детето во одреден период на денот, стручно консултативна помош за одредени прашања поврзани со попреченоста, однесувањето или потребите на нивните деца. Со родителите се одржуваат постојани контакти и редовни средби и истите се вклучени во планираните редовни активности. Дневниот центар располага со три простории, занимална, кујна и сензорна соба и истиот е солидно опремен како технички, така и просторно и ги задоволува потребите на корисниците и вработените. Сензорната соба е сместена во посебна просторија и истата е скромно опремена со сензорно визуелни елементи, душеци и мека подлога, но со оглед на возраста и видот на попреченост на корисниците истата многу малку се користи.
Од стручни профили во Дневниот Центар се вработени Дефектолог и Социјален работник, како и двајца волонтери ангажирани преку проектот Општинско корисна работа.
Финансиските средства за функционирање на дневиот центар се обезбедени од Министерството за труд и социјална политика.
►**Пензионерски клуб** при Здружението на пензионери на Општина Свети Николе, кое како посебен актив на луѓето од третото доба основано е некаде околу 1960 година. Според тоа Здружението претставува најстар облик на организирана активност на граѓани во Општина Свети Николе. Во почетокот со мал број на членови – пензионери, а со тек на време Здружението со брзи чекори го зголемува членството и со тоа своите активности што го афирмираат во средината. За тековниот развој треба да им се даде признание на пензионерите кои со голем ентузијазам и работа го основале, афирмирале и денес здружението е регистрирано и во рамките на РМ. Бројот на членови – пензионери изнесува 2750, кои се организирани во 8 ограноци од кои 3 во градот Свети Николе и 5 ограноци во селските населби. Нормативно Здружението својата функција ја извршува согласно Законот на Здруженија на граѓани и фондации, Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Статутот на Здружението. Во состав на Здружението работат 2 пензионерски клуба каде што пензионерите го поминуваат своето слободно време во играње на шах, карти, табла, домино и др. Здружението соработува со Сојуз на здружение на пензионери на Македонија (СЗПМ), со Општинските здруженија од Републиката, со Локалната самоуправа, Фондот на ПИОМ, Фондот за здравство, Црвениот крст и други организации блиски на Здружението на пензионери. Исто така, посебно за одбележување е дека Здружението работи како самостојна, независна и неполитичка организација.
►**Центар за поддршка - ООУ „Свети Кирил и Методиј“**
Посебната паралелка во склоп на ООУ „Свети Кирил и Методиј“ е формирана на 05.02.1979 година, учебна 1979/80. Како Центар за поддршка, посебната паралелка е трансформирана од 02.06.2021 година. Во учебната 2021/2022 година во посебната паралелка настава посетуваа двајца ученици во IX (деветто) одделение со комбинирани пречки во психифизичкиот

развој. Во учебната 2022/2023 година во посебната паралелка настава посетуваше ученик во I (прво) одделение со Williams syndrome + epi n. Во учебната 2023/2024 година во посебната паралелка наставата продолжува да ја посетува истиот ученик во II (второ) одделение.

►**Продолжен престој во основните училишта** се реазлизира со прифаќање на ученици пред почетокот на часовите или по завршувањето на редовните часови се во зависност од потребата на самите родители. За време на продолженеиот престој во кој се вклучени ученици од различни паралелки и одделенија, учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности, согласно со годишната програма за работа на училиштето, согласно со Упатството за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки и одделенија, кој го утврдува министерот, на предлог на Бирото за развој на образование.

Во ООУ „Свети Кирил и Методиј" во периодот во 2022/23 година во продолжен престој престојуваа вкупно 19 деца од прво одделение, од кои 9 машки и 10 женски. Во периодот во 2023/24 година во продолжен престој престојуваа вкупно 23 деца од прво одделение, од кои 9 машки и 14 женски. Во продолжен  престој за учебната 2023/2024 година, од второ одделение го посетуваат вкупно 17 ученици од кои момчиња се 9, а девојчиња се 8.

Во ООУ „Гоце Делчев" Свети Николе се организира продолжен престој со ученици од иста паралелка, исто одделение или од различни одделенија по добиена согласност од Министерство за образование и наука. Во учебната 2023/2024 година има ученици од прво и второ одделение вкупно 29, од кои 17 ученици (12 момчиња, 5 девојчиња) се од прво одделение, а 12 ученици се од второ одделение (5 момчиња, 7 девојчиња). Во претходната учебна 2022/2023 година се организираше продолжен престој за ученици од иста паралелка со вкупно 23 ученици, 10 момчиња и 13 девојчиња.

Услуга на привремен престој

► **Центарот за лица жртви на семејно насилство (ЦЛЖСН)** е формиран уште од 2012 година во склоп на ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе, како посебен оддел, но со промената на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на самата Установа во 2019 година, истиот работеше во склоп на Службата за услуги од социјална заштита. Сега во моментот тој не е во функција и не опслужува жртви на семејно насилство во последните две години, бидејќи е руиниран и несоодветен за живеење.

ЦЛЖСН се наоѓа на сутерен од зграда во сопственост на општина Свети Николе, која е отстапена на користење без надомест по претходно склучен договор со Градоначаникот на општина Свети Николе, со тоа што ги плаќаме само трошоците за комуналии - струја и вода.

Согласно правилникот во Шелтерот можат да се сместуваат само жени жртви на семејно насилство и нивните малолетни деца. Капацитетот за сместување беше најмногу за шест лица. ЦЛЖСН има две спални со два тоалета, мал дневен простор и кујна. Во изминатите години беа сместени повеќе жени жртви, најчесто со нивните малолетни деца кои имаа потреба од заштита и сместување, но тие не секогаш совесно и одговорно се однесуваа спрема ентериерот и станбениот простор. При градењето, Центарот е направен со несоодветна изолација и е со постојана влага, како дополнителен проблем се двете поплави кои беа направени од жртви, истиот е уништен без реновирање не е функционален. Последната година се случи појава на глодари кои направија голема штета на веќе уништениот ентериер (кревети, душеци, шкафови, постелина, под и др). Од страна на Центарот е побарано средства за реновирање на овој дел од објектот, но заклучно крајот на 2023 година нема добиено согласност, а без дезинфекција на просторот, белење и нов ентериер истиот нема да може да се користи, условите за живот како што се во моментот, не се добри за живеење. За нефункционалноста на ЦЛЖСН е известено во Министерство за труд и социјална политика.

►**Проект „Народни кујни''** - Владата на Република Северна Македонија, со цел да излезе во пресрет на потребите на старите и немоќни лица кои поради материјална необезбеденост се наоѓаат во исклучително тешка социјална положба (корисници на гарантирана минимална помош, социјална пензија, како и корисници на туѓа нега за кои нема кој да се грижи и се материјално необезбедени), се определи за политика на развој на социјалната заштита преку обезбедување на еден топол оброк за оваа група граѓани. Во 2007 година ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа и ЈОУДГ Рахилка Гонева Свети Николе потпишаа договор за подготвување и дистрибуција на храна за стари и возрасни лица изложени на социјален ризик. Во Народната кујна, храната ја подготвуваат вработени од градинката, а набавката на намирници и потребни материјали за врши Министерството за труд и социјална политика. 140 оброци се максимумот на корисници кои што можат да бидат опслужени, но во моментот околу 83 лица го користат топлиот оброк и сите тие се од градското подрачје. Во руралните средини не се доставува оброк, поради немање превоз за достава на оброците.

### 3.1.6 Услуги за вон – семејна заштита

Со услуги на вон-семејна заштита се обезбедува основна заштита која опфаќа: сместување, помош и поддршка од стручни лица, згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита и други услуги во зависност од видот на корисниците, кои немаат услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребна вон-семејна заштита.

Изработката на социјалниот план е инклузивен процес, па во обид целосно да се прилагоди на потребите кои што произлегуваат од жителите, беше воспоставена комуникација со здруженијата на граѓани во Општина Свети Николе, а со цел да се разбере поблиску состојбата со давање на социјалните услуги. Преку оваа комуникација успеавме да собереме информации за постоечки здруженија кои што обезбедуваат услуги од различен вид, секое прилагодено и насочено кон своја област, но и за оние кои планираат во иднина повеќе да се посветат на развој на нови социјални услуги.
Во општина Свети Николе постојат и здруженија кои што веќе работат на обезбедување на услуги, во поглед на тоа што нудат бесплатни услуги за лица од ранливи групи, како на пример едукација, курсеви, обуки и слично кои што придонесуваат кон социјализација, ресоцијализација и реинтеграција во општеството и тоа:

- Национален сојуз на инвалиди на трудот на Република Македонија - Здружение на инвалиди на трудот - Свети Николе
- Здружение на слепите лица на град Свети Николе
- Здружение на глуви и наглуви Свети Николе
- Заедница на инвалидски организации Свети Николе
- Здружение на пензионерите на општина Свети Николе
- Организација на жените на општина Свети Николе - ОЖОСВН
- Центар за помош на лица со ментален хендикеп - ПОРАКА Свети Николе
- Здружение на телесно инвалидизирани лица Свети Николе
- Граѓанска иницијатива на жени - ГИЖ Свети Николе
- Здружение на инвалидни пензионери на општина Свети Николе
- Здружение на граѓани со дијабетес Свети Николе
- Здружение на дијабетичари - СИЛНА НАДЕЖ Свети Николе
- Здружение на инвалидни пензионери на општина Свети Николе
- Здружение на телесно инвалидизирани лица Свети Николе
- Центар за граѓански активизам - ДЕНИЦА ПЛУС Свети Николе

### 3.2 Нови социјални услуги

Како би се постигнале подобри услови за живот, но и подобра и посилна заедница, општина Свети Николе во наредниот период планира развој на нови социјални услуги и поддршка за подобрување на постоечките. Најголем дел од услугите кои што се понудени од здруженијата на граѓани или можат да се доразвијат за да почнат да се користат како услуга, се поддржани од донаторска поддршка, преку финансирани проекти, или преку самофинансирање, па е неопходно да се воспостават како долгорочно стабилни социјални услуги. Покрај вложување на сопствените средства Општината тесно ќе соработува со МТСП, ќе развива соработки со донатори и ќе имплеметира проекти и грантови, се со цел овие услуги да да бидат овозможени на што е можно поголем број на корисници кои имаат потреба од нив.

#### 3.2.1. Услуги на информирање и упатување

Покрај постоечката работа на ЈУ МЦСР, оваа услуга може да се дава и преку Одделението за локален економски развој и јавни дејности каде ќе се споделуваат информации кои се подготвени од нив.

► Отворени денови за корисници на социјална парична помош како и жители кои се во положба на социјални потреби во урбаната и руралните средини. Со оваа услуга ќе се опфатат повеќе категории на лица корисници на постојана парична помош, лица со попреченост, слепи и изнемоштени лица, лица со нарушена здравствена состојба, самохрани родители кои имаа потреба од информираност за правата и услугите од социјалната заштита со законските измени, условите и постапката за остварување на правата и поволностите кои ги има како корисник на социјална парична помош и новите мерки за вработување, како и мотивација на луѓето од руралните средини не само да се стремат да бараат работа во урбаните средини, туку да го искористат се она што го имаат во своето опкружување. Оваа услуга на инфомирање и упатување ќе се спроведе во соработка со ЈУ МЦСР Свети Николе.

► Е-информатор за социјална заштита ќе се искреира посебен дел на вебстраната на Општина Свети Николе, кој ќе биде со информации за сите минати и идни активности од областа на социјалната заштита, како и информации поврзани со Правилникот за доделување на еднократна парична помош и помош во натура наменет за лица со попреченост – жени и мажи и нивните семејства, семејства во кои не работи ниту еден член, семејства во кои работи само еден член од семејството, семејства настрадани од елементарни непогоди, социјално загрозени лица, за лекување, за смртен случај, за новороденче, за прво новороденче, за прваче, за средношколци - редовни ученици запишани во прва учебна година во средно училиште на територијата на општина Свети Николе, за лица заболени и лекувани од малигни болести, како и за жртви на семејно насилство и секаков друг тип на насилство и самохрани родители.

#### 3.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка

Во иднина се планира покрај стручната помош и поддршка обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Свети Николе согласно член 72 од Законот за социјална заштита, да се продолжи со:

► Поддршка на здруженија на граѓани кои што веќе даваат стручна помош и поддршка на лица од ранливи групи, со цел да се поттикнат секое од нив да обезбеди што е можно поголема поддршка за граѓаните секој од својата област на делување, согласно на приоритетните групи на граѓани кои што се одредени од ЈУ МЦСР. Соработката со здруженијата на граѓани и користење на нивните стручни услуги е важна и како одговор на тековните потреби. Општина ќе продолжи финансиски да ја поддржува групата за самопомош на жени заболени и лекувани од малигни болести како и на новозаболените жени, преку која се обезбедува едукација за превенција од рак на дојка и матка, охрабрување на жените секоја година да прават ехо преглед на дојка, редовни контроли и по потреба мамографски прегледи како и гинеколошки и редовни месечни самопрегледи. Исто така,

во рамки на оваа услуга се обезбедуваат и даваат на користење бесплатно перики и турбани за жените во третман. Активноста ја реализира Организација на жените на општина Свети Николе.
► Општината ќе продолжи да пружа финансиска поддршка со исплата на еднократна парична помош на жени и мажи согласно Правилниците за еднократна парична помош.
► Општината ќе продолжи да дава социјални пакети по повод празнување на патронот на градот „Свети Николај" на социјално ранливи категории и лица од руралните средини, како и доделување на социјални пакети за семејства во случај на несреќи и елементарни непогоди - Општината секоја година предвидува средства за помош на семејствата зафатени од непогоди.
► Општината во континуитет предвидува средства за новогодишни подароци за децата посетители во Детската градинка и лицата со попреченост кои престојуваат во Дневниот центар и заедно со програма од овие лица се одбележува почетокот на Новата година и Божиќните празници.
► Општината, секоја година во месец Август, обезбедува бесплатен неколкудневен престој во детското одмаралиште во Стар Дојран за лицата со попреченост и деца од социјално загрозени семејства со нивните родители.
► Општината ќе продолжи со одбележување на меѓународни денови (3-ти декември, Меѓународниот ден на лица со попреченост; Денот на инвалидизираните лица итн.).
► Општината ќе продолжи со давање на надоместок за партиципација на деца од детска градинка, согласно член 53 од Законот за заштита на деца и Правилник за критериуми за остварување на право на партиципација донесен од МТСП.
► Проект „Општинско корисна работа – ОКР". Општина Свети Николе во соработка со Агенција за вработување, МТСП и УНДП секоја година поднесува предлог проект во кој се предвидуваат активности кои се од социјалната заштита.

**3.2.3 Услуги на советување**

Општина Свети Николе и во иднина ќе продолжи да дава поддршка на невладините организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани во социјален ризик, надвор од она што го обезбедува МТСП. Во целост ќе се поддржи работата на граѓанските здруженија кои во моментов даваат услуги, а истовремено ќе се насочиме и кон заедничко креирање на локално координативно тело за жртви на семејно насилство и секаков вид на насилство со цел брз одговор и координација при случаи на насилство.
► Општината ќе даде поддршка на здружението на граѓани - Организација на жените на општина Свети Николе, која нуди услуги за доверливо психо-социјално советување или друг вид на психолошка помош и поддршка, како и бесплатна правна помош зависно од потребите и штетата која корисниците ја претрпеле.
Психо-социјалната помош и поддршка е наменета за сите лица од маргинализирани заедници и во социјален ризик, како и на барателите на примарна правна помош и корисниците на секундарна правна помош. Психо-социјалното советување вклучува насочување во справување со емоционалното, когнитивното, душевното и физичкото добро на корисниците; индивидуална и/или групна поддршка на корисниците кои се наоѓаат во кризна состојба, состојба на социјален ризик или се во состојба на промена на своите животни навики, однесување, начин на живеење и функционирање. Психо-социјалната помош и поддршка се обезбедува со примена на психолошки методи и техники на работа со кои се овозможува советување и мотивирање на корисникот/чката и придонесува кон личен развој на корисничката/кот.
Бесплатната примарна правна помош во форма и облици уредени со ЗБПП (иницијален правен совет за правото на користење на бесплатна правна помош, општа правна информација, општ правен совет, помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош, помош при пополнување на формулари, обрасци издадени од управен орган во управна постапка за: социјална заштита и заштита на правата на децата; пензиско, инвалидско и здравствено осигурување; заштита на жртви на насилство и семејно насилство; постапка за упис во матична книга на родени; стекнување со документи за лична

идентификација и државјанство, составување на претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител и составување на барања за заштита на слободи и права до Уставниот суд на Република Северна Македонија).
► Општината преку Општинскиот Совет за превенција на детско престапништво ќе реализира активности за намалување на број на деца во судир со законот – малолетничка деликвенција.

### 3.2.4 Услуги во домот

►Помош и нега во домот
Проект „Помош во куќа“ - Општина Свети Николе има потреба од создавање на нова социјална услуга за грижа на болни и изнемоштени лица за помош и нега во домот. Услугата ќе биде наменета за стари болни и изнемоштени лица и ќе опфаќа поддршка во исполнувањето на секојдневните потреби на лица кои имаат потреба од оваа услуга во нивните домови, со цел да се подобри и одржува квалитетот на живот и да се спречи или одложи сместувањето во институциите. Со оглед на континуираното зголемување на бројот на лица со малигни заболувања и шеќерна болест, давателите на услугата мора да бидат соодветно обучени за работа со болни корисници. Развојот на услугата ќе биде развиена во соработка на нови лиценцирани провајдери, стручни во оваа област и ќе се базира на правилниците од Законот за социјална заштита.
►Лична асистенција
Согласно податоците од мапирањето Општина Свети Николе ќе соработува со лиценцирани здруженија или здруженија кои планираат да ја развиваат оваа услуга со поддршка од страна на МТСП. Оваа услуга ќе придонесе кон независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина, обезбедувајќи поддршка за нивно осамостојување, согласно индивидуалните потреби. Развојот на услугата ќе се базира на правилниците од Законот за социјална заштита.

### 3.2.5 Услуга во заедницата

**Услуги за дневен престој**

►Во иднина се планира да се продолжи со поддршка на постоечките услуги, преку поддршка на зголемување на ресурсните капацитети, односно работно ангажирање на хигиеничар/ка и медицинско лице во дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост во склоп на ЈУ МЦСР – Свети Николе.
►Продолжениот престој во основните училишта - и во иднина, ќе се реализира со прифаќање на ученици пред почетокот на часовите или по завршувањето на редовните часови се во зависност од потребата на самите родители. За време на продолжениот престој, учениците ќе учат, ќе ги работат домашните задачи, други училишни обврски и ќе учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности, согласно со годишната програма за работа на училиштето, согласно со Упатството за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки и одделенија, кој го утврдува министерот, на предлог на Бирото за развој на образование.
► Зголемување на капацитетите на детските градинки. Доделени се парични средства како грант од Министерство за труд и социјална политика за изградба на детска градинка во село Ерџелија.
►Општина Свети Николе во соработка со невладини организации ќе се насочи кон развивање на „Дневна соба“ за деца, 2 до 4 часа за придонес во психофизичкиот развој на децата.
►Општината Свети Николе во соработка со здружението на пензионери ќе овозможи развој на програма за активно и здраво стареење во веќе постоечките и функционални 2 клуба. Програмата која ќе се развива во овие центри ќе биде насочена кон активно и здраво стареење како и превенирање на ризиците од старост, кое подразбира одржување на физичката и психичката

форма преку прилагодени едукативни, спортски и креативни содржини, но и стекнување на нови вештини и знаења кои можат да им обезбедат социјално вклучување.

►Младински центар - Општина Свети Николе во соработка со младинските организации и организации за млади, ќе се насочи кон поголемо вклучување на млади момчиња и девојчиња (од урбаната и руралната средина), кон зголемување на нивна мотивација, реинтеграција и ресоцијализација во општеството. Младите во овој младински центар преку сет на мерки ќе имаат можности да се стекнат со потребни вештини и дополнителни квалификации преку обезбедување на едукативни и други активности како и промовирање на можностите за активрање на пазарот на труд како и отпочнување или регистрација на сопствени бизниси. Општината исто така ќе направи истражување за обезбедување на услови за развој на старт ап бизниси за младите кои ќе бидат насочени кој развој и подобрување на социјалните услуги на локално ниво. Содржините на Центарот ќе се насочат кон развој на креативни активности: музика, филм, театар, компјутерски дизајн, развој на спортски активности во склад со просторот, шаховски клуб, маси за пинг - понг на расклопување, итн. Центарот би се користел и од давателите на услуги за информирање и упатување, стручна помош и поддршка и советување, за да се обезбеди интеграција и да се превенира стигматизација или дискриминација.

**Услуга за рехабилитација и реинтеграција**

►Центар за поддршка - ООУ „Свети Кирил и Методиј“ е посебна паралелка во склоп на ООУ „Свети Кирил и Методиј“ и во моментот работи само специјален рехабилитатор и едукатор, чиј работен ангажман е индивидуален со секое дете, а ги опфаќа децата со посебни образовни потреби на ниво на општина, се работи со програма од БРО и/или ИОП/ модифицирана програма, согласно потребите на учениците (за секое дете си има посебна програма). За да би функционирал целосно овој центар, потребни се човечки ресурси – медицинско лице и негувател, за кои Општината ќе овозможи помош.

►Со доопремување на сензорна соба ќе се овозможи современа рехабилитација односно простор за поттикнување на психо-моторниот развој на учениците со попреченост и на децата од предшколска возраст каде се намалува или засилува стимулацијата на одредено сетила во зависност од дијагнозата. Со доопремување на сензорните соби ќе се овозможи современа рехабилитација односно простор за поттикнување на психо-моторниот развој на учениците со попреченост и на децата од предшколска возраст каде се намалува или засилува стимулацијата на одредено сетила во зависност од дијагнозата.

**Услуга на интеграција и ресоцијализација**

►Со оглед на големиот број на граѓански здруженија кои веќе имаат искуство во давање услуги, заложбата на општина Свети Николе ќе биде мотивација и нивна поддршка во комплетирање на лиценцирање на услугите во согласност со Правилниците кои произлегуваат од Законот за социјална заштита. Во оваа насока ќе продолжи соработката со сите оние кои во моментот даваат услуги, но ќе се работи и на проширување на можностите, на пример поддршка на здружение кое што работи со лица со интелектуална попреченост кое покажува интерес за имплементација на социјални услуги кои што би го подобрил животот на овие лица, преку активности во кои би се подготвиле за да самите остварат средства за егзистенција.

• Сегашните идентификувани бројки за пасивни жени баратели на работа, невработени над 55 години, НКВ невработени и долгорочно невработени, општината ги гледа како потенцијал и ресурс за развој на сервисните услуги. Со соодветна обука или преквалификација/доквалификација тие може да се ангажираат кај провајдери/здруженија на граѓани – даватели на услуги, да се оспособат и да станат самостојни даватели на услуги, но и да се здружат и да формираат/бидат дел од социјалните претпријатија.

• Во зависност од приоритетите на општината и повиците за активација на УНДП ќе се идентификуваат приоритетни групи и ќе се продолжи со учеството во проектот за Општинско корисна работа.
• Индикаторите за економски развој на Свети Николе и можностите кои се темелат, пред се, на природниот фактор (земјоделството) во комбинација со услугите за информирање и упатување, стручна помош и поддршка и советување, може да одиграат позитивна улога за самовработување (отпочнување сопствен бизнис) кај лицата кои се корисници на право на паричен надоместок согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и корисници на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок согласно Законот за материјално обезбедување на невработени лица. За нив клучно ќе биде да се креираат услуги со кои ќе се даде поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за само/вработување, поддржано со психо-социјална поддршка и менторство.
Важно е да се напомене дека за општина Свети Николе од голема важност е и социјалната превенција и во таа насока ќе се работи на поддршка на активности кои ќе придонесат спречување на социјални проблеми. Еден таков пример е искористување на работата на Извидничкиот одред и и локалните спортски клубов кои се поддржани од општината да вклучи деца и млади од социјално ранливи категории во своите програми, за да се избегне нивно социјално исклучување. Исто така тековно ќе се работи да се најде решение за проблемите кои бараат мултисекторски пристап, како на пример да се осмисли дополнителна помош и поддршка за домаќинства, корисници на гарантирана минимална помош со статус на самец, со цел да се надмине нивната социјална исклученост. Се размислува и за развивање на волонтерската работа со цел унапредување на различни аспекти од секојдневниот живот на населението, и меѓусебна поддршка на различни ранливи групи.

**Услуга за привремен престој**
►Спортски центар за деца и деца со попреченост.
Општината ќе се насочи кон развој на оваа социјална услуга во иднина по принцип на ваучери. Ваков тип на услугата дава здружението на граѓани ПЕЛА Спорт, но ќе се поттикнат и други здруженија да даваат сличен тип на услуга со вклучување на оваа целна група во иднина.
►Рекреативни активности за маргинализирани/ранливи категории.
Општина Свети Николе ќе се насочи кон обезбедување на можности и услови за реализирање на рекреативни активности (зумба, аеробик, рекреативни вежби и др.) преку кои ќе се придонесе кон поголема реинтеграција на корисниците кои потекнуваат од ранливи категории, градење здрави животни навики итн.
►Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство
Општина Свети Николе во соработка со Центарот за социјална работа ќе се насочи кон подобрување на условите на „Шелтер центар во Општина Свети Николе“.
Шелтер центарот претставува комплекс од социјални услуги за лица жртви на семејно насилтво, жени и деца, кои можат да бидат сместени за период до 6 месеци и ќе бидат насочени кон обезбедување на индивидуална поддршка, задоволување на секојдневни потреби и правно советување или психо-социјална помош кога е потребна итна интервенција, вклучително преку тимови за мобилна кризна интервенција.
►Во соработка со Организација на жените на општина Свети Николе е покрената иницијатива и ќе се разгледаат сите можности за обезбедување на стамбени единици во рамки на социјалните станови изградени од МТСП, а за сместување на мажи/жени во ризик, жртви на насилство, жртви во елементарни непогоди итн.
►Згрижување во семејство, оваа услуга е управувана од МТСП, општината може да даде значителен придонес во поддршка на кампањата за обезбедување згрижувачки семејства со цел згрижување на лицата во нивната општина.

**3.2.6. Услуги за вон – семејна заштита**

►Живеење со поддршка

Општината ќе започне со развој на услугата за живеење со поддршка и обезбедување на мали групни домови или станбени единици за 24 часовно живеење со поддршка за децата и возрасните (од 6 до 75 години). Развојот на услугата ќе се базира на правилниците од Законот за социјална заштита. Општината ќе изврши мапирање на можни постоечки приватни објекти или општински објекти за развој на оваа социјална услуга.

► Сместување

Фонд на пензиското и инвалидското осигурување располага со капацитет од 5 соби, кои се дел од зградата на Пензионерскиот дом и во нив се згрижени 5 лица со коишто е потпишан договор, станува збор за лица без сопствено живеалиште и лица со ниски пензии кои плаќаат симболична сума на кирија.

► Со оглед на потребата од продолжување на активностите "Народна кујна" општината во соработка со здруженија на граѓани, приватни донатори, банка за храна ќе продолжи да ја развива оваа услуга која ќе биде збогатена со мобилен тим и истиот ќе овозможува помош и поддршка на лицата во руралните средини, достава на топол оброк и лекови, како и поддршка во извршување на секојдневните активности.

**3.3. Социјални ризици**

Социјалните ризици претставуваат клучни фактори за економска и социјална кохезија, кои придонесуваат за зголемување на квалитетот на животот на локалната заедница. Социјалниот ризик се однесува на можноста за потенцијално социјално нарушување, конфликти и социјална штета, предизвикано од фактори на несигурност од различни области. Современите социјални ризици се однесуваат на опасности и несигурност од систематскиот процес на модернизација. Со изработката на овој Социјален план, меѓудругото, ги идентификуваме постоечките социјални ризици и правиме приоретизација врз која ќе се заснова идниот развој на социјалните услуги.

Според состојбите во општината прикажани погоре, најголеми социјални ризици во општина Свети Николе се:

- Старост
- Попреченост
- Сиромаштија
- Деца
- Семејно насилство и секаков друг вид на насилство

**3.4. Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување**

| Социјален ризик | Спецификација на социјални ризици | Постоечки услуги | Постоечки човечки ресурси | Развој на нови услуги | Потребни капацитети |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Старост** | 1.1 Стари лица над 62 години<br>1.2 Стари изнемоштени лица<br>1.3 Стари лица со хронични болести | - Услуги во заедницата (услуга за дневен престој) | - Сертифицирани негователки<br>- Волонтери | - Услуги во домот (помош и нега во домот)<br>- Услуги во заедницата (услуга за дневен престој)<br>- Услуга на вон-семејна заштита (сметување) | - Корординатор /ка<br>-Социјален работник/Психолог<br>- Сертифицирани негователи/ки<br>- Физиотерапевти |
| **2. Попреченост** | 2.1 Лица со телесна попреченост<br>2.2. Лица со интелектуална попреченост<br>2.3 Лица со аутизам и даунов синдром | - Образовни/Лични асистенти<br>- Услуга во заедницата (услуга за дневен престој и услуга за рехабилитација и реинтеграција)<br>- Услуга на стручна помош и поддршка (Новогодишни подароци и Летен камп за лицата со попреченост) | - Образовни/Лични асистенти<br>- Социјален работник<br>- Психолог<br>- Специјален едукатор и рехабилитатор<br>- Доктор по семејна медицина | - Услуга на стручна помош и поддршка<br>- Услуги во домот (лична асистенција)<br>- Услуга во заедницата (услуга за дневен престој)<br>- Услуга на вон-семејна заштита (живеење со поддршка) | - Корординатор/ка<br>- Сертифицирани лични асистенти<br>- Социјален работник<br>- Психолог<br>- Специјален едукатор и рехабилитатор<br>- Физиотерапевти<br>- Логопед<br>- Доктор по општа медицина<br>-Медицински сестри |
| **3. Сиромаштија** | 3.1. Невработени лица (над 55 години)<br>3.2. Невработени млади лица<br>3.3. Долгорочно невработени лица<br>3.4. Ниско квалификувани лица | - Услуги за упатување и информирање (Општинско корисна работа)<br>- Народна кујна - Топол оброк (проширување на услугата во руралните средини) | - Вработени во ЦСР<br>- Општинска администрација<br>- НВО<br>- Вработени во ЈОУ ДГ Рахилка Гонева | - Услуги за информирање и упатување<br>- Услуги на советување | - Тренинг провајдери<br>- психолог<br>- Правник<br>- Кувар<br>- персонал во кујна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | - Услуга на стручна помош и поддршка<br>- Социјални пакети<br>- Еднократна парична помош | | | |
| **4. Деца** | 4.1.Деца (м/ж)<br>4.2.Деца од семејства со нарушени односи<br>4.3 Деца во судир со законот<br>4.4. Деца од претшколска возраст од градот и руралните средини | - Услуга во заедницата (услуга на дневен престој)<br>- Услуга на стручна помош и поддршка (надоместок за партиципација) | -Општинска администрација<br>-Училишта<br>-НВО<br>-МВР Свети Николе<br>-ЈУ ЦСР Свети Николе<br>ЈОУ ДГ Рахилка Гонева Свети Николе | - Услуги на советување<br>- Услуги во зедницата (услуги за дневен и привремен престој- проширување на капацитетите за згрижување на децата - градинки во руралните наслени места и градот) | - Социјален работник<br>- Психолог<br>- Едукатор<br>- Негувател<br>- Воспитувач |
| **5. Семејно насилство и секаков друг вид на насилство** | 5.1 Жртви на семејно насилство (мажи, жени и деца)<br>5.2 Жртви на насилство надвор од домот (мажи, жени и деца) | - Услуги за советување<br>- Услуги во заедницата (услуга за привремен престој) | - Вработени во ЦСР и МВР<br>- НВО<br>- Општинска администрација | - Услуги за советување (локално координативно тело)<br>- Услуги во заедницата (услуга за привремен престој) | - Социјален работник – Психолог<br>- Правник |

## 4. ПОТРЕБНИ КАПАЦИТЕТИ И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

| Нова услуга | Форма | Инфраструктура (постоечки, во изградба, потребна реконструкција, потребна адаптација, нема) и опрема | Капацитет/опфат (број на корисници, површина, територија, итн? | Потребни финансиски средства | Извори на финасисрање или начин на прибирање на потребните финасиски средства | Планирана соработка со: | Време/период на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Услуги на информирање и упатување** | Отворени денови за корисници/чки на социјална парична помош како и жители кои се во положба на социјални потреби во урбаната и руралните средини. | Обезбедено инфо катче во простории на Општината | Лица од ранливи групи на ниво на општина Свети Николе | 120.000 ден | Буџет на општина Свети Николе | ЈУ МЦСР – Свети Николе, Здружение на граѓани | 4г. |
| | Е-информатор за социјална заштита | Вебстрана на општината | Лица од ранливи групи на ниво на општина Свети Николе | 40.000 ден | Буџет на општина Свети Николе | ЈУ МЦСР – Свети Николе | 4г. |
| **Услуги на стручна помош и поддршка** | Поддршка на стручни (граѓански) организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани/ки во социјален ризик (заболени и излекувани од малигни болести) | Човечки капацитети, обезбедување на опрема | Лица од ранливи групи на ниво на општина Свети Николе | 400.000 ден<br>100.000 ден | Донатори – грантови, Буџет на општина Свети Николе | Здружение на граѓани | 4г. |
| | Финансиска поддршка - исплата на еднократна парична помош на жени и мажи согласно Правилниците за еднократна парична помош | Човечки ресурси | Лица од ранливи групи на ниво на општина Свети Николе | 4.000.000 ден | Буџет на општина Свети Николе | ЈУ МЦСР – Свети Николе | 4г. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Социјални пакети по повод празнување на патронот на градот „Свети Николај“ и социјални пакети за семејства во случај на несреќи и елементарни непогоди | Човечки ресурси | Лица од ранливи групи на ниво на општина Свети Николе | 1.600.000 ден | Буџет на општина Свети Николе | ЈУ МЦСР – Свети Николе | 4г. |
| | Новогодишни подароци децата од градинката и за лицата со попреченост во Дневниот центар | Човечки ресурси | Децата од градинка и лицата со попреченост во Дневниот центар | 400.000 ден | Буџет на општина Свети Николе | ЈОУ Детска Градинка Дневен центар за лица со попречено ст – Свети Николе | 4г. |
| | Бесплатен летен камп за лица со попреченост и нивните родители | Човечки ресурси | Лица со попреченост | 360.000 ден | Буџет на општина Свети Николе | Дневен центар за лица со попречено ст – Свети Николе | 4г. |
| | Надоместок за партиципација на деца од детска градинка. | Човечки ресурси | Деца од градинка | 200.000 ден | Буџет на општина Свети Николе | ЈОУДетска Градинка „Рахилка Гонева“ | 4г. |
| | Проект „Општинско корисна работа – ОКР“ | Човечки ресурси | Лица од ранливи групи на ниво на општина Свети Николе | 4.000.000 ден | Донатори – грантови, Буџет на општина Свети Николе | Дневен центар за лица со попречено ст – Свети Николе ЈОУДетска Градинка „Рахилка Гонева“ СОУ „Кочо Рацин“ | 4г. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одбележување на меѓународни денови | Човечки ресурси | Лица од ранливи групи на ниво на општина Свети Николе | 200.000 ден | Буџет на општина Свети Николе | Дневен центар за лица со попреченост – Свети Николе ЈОУ Детска Градинка „Рахилка Гонева“ СОУ „Кочо Рацин“ Здруженија на граѓани | 4г. |
| **Услуги на советување** | Локално координативно тело за жртви на семејно насилство и секаков вид на насилство | Човечки ресурси | Жртви на семејно насилство и секаков вид на насилство | 100.000 ден | Општина Свети Николе Здружение на граѓани | Општина Свети Николе Здружение на граѓани МВР ЦСР | 4г. |
| | Канцеларија за психо-социјална и бесплатна правна помош на жени жртви на семејно насилство | Канцеларија и опрема Човечки ресурси | Жртви на семејно насилство и секаков вид на насилство | 400.000 ден | Донатори – грантови, Буџет на општина Свети Николе Здружение на граѓани | Општина Свети Николе Здружение на граѓани | 4г. |
| | Активности за намалување на број на деца во судир со законот – малолетничка деликвенција | Човечки ресурси | Лица од ранливи групи на ниво на општина Свети Николе | 100.000 ден | Буџет на општина Свети Николе | Општинско совет за превенција на детско престапништво | 4г. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Услуги во домот** | Обезбедување на нега на стари лица во домашни услови | Канцеларија и опрема на избран провајдер Човечки ресурси | Лица од ранливи групи на ниво на општина Свети Николе (стари и изнемоштени лица) | 4.000.000 ден | МТСП Буџет на општина Свети Николе Други донатори | МТСП Здружение на граѓани Општина Свети Николе ЦСР | 4г. |
| **Услуги во заедницата** | Обезбена е услугата за згрижување на лица во постоечкиот дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост | Потребно е нови вработувања (медицинска сестра и хигиеничар/ка) | Лица со попреченост | 1.000.000 ден | МТСП Донатори – грантови | МТСП Здружение на граѓани ЦСР | 4г. |
| | Обезбена е услугата за згрижување на деца во постоечкиот центар за поддршка на деца со попреченост при ООУ „Свети Кирил и Методиј“ | Потребно е нови вработувања (медицинска сестра и хигиеничар/ка) | Деца со попреченост | 1.000.000 ден | МТСП Донатори- грантови | МТСП Училиште ЦСР | 4г. |
| | Доопремување на сензорна соба | Опрема | Деца/Лица со попреченост | 500.000 ден | Донатори- грантови МТСП | МТСП Училиште ЦСР | 4г. |
| | Мултифункционален простор „Дневна соба за деца“ | Реконструкција на простор во Дом на култура и опрема | Лица од ранливи групи на ниво на општина Свети Николе (деца, деца во ризик) | 3.000.000 ден | Донатори – грантови, Буџет на општина Свети Николе | Општина Свети Николе Здруженија на граѓани локални институции, МТСП | 4г. |
| | Програми за активно и здраво стареење | Простор обезбеден и опремен во сопственост на | Стари лица на ниво на општина Свети | 1.200.000 ден | МТСП Здружение на пензионери | Општина Свети Николе Здружениј | 4г. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Здружението на пензионери Ангажирање на 1 координатор | Николе | | | а на граѓани локални институции, МТСП | |
| | Младински центар | Реконструкција на простор Опремување | Млади лица | 2.000.000 ден | Донатори-грантови Здружение на граѓани Буџет на општина Свети Николе | Општина Свети Николе Здруженија на граѓани | 4г. |
| | Спортски центар за деца и деца со попреченост | Спортска сала со потребни реквизити Човечки ресурси | Деца и деца со попреченост | 1.000.000 ден | Донатори-грантови Здружение на граѓани Буџет на општина Свети Николе | МТСП Училиште ЦСР Здружение на граѓани | 4г. |
| | Шелтер центар за лица жртви на семејно насилство | Реконструкција на објект | Жртви на семејно насилство и секаков вид на насилство | 7.000.000 ден | Донатори-грантови МТСП Здружение на граѓани Буџет на општина Свети Николе | МТСП Здружение на граѓани Општина Свети Николе | 4г. |
| | Изградба на детска градинка во село Ерџелија | Нов објект | Деца | 29.000.000 ден | МТСП | Детска градинка „Рахилка Гонева“ | 1г. |
| **Услуги за вон-семејна заштита** | Услуга во мали групни домови | Реконструкција на објекти | Лица од ранливи групи на ниво на општина Свети Николе | 7.000.000 ден | Донатори – грантови, | МТСП ЦСР Здружение на граѓани Општина Свети Николе | 4г. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | "Народна кујна" | Мобилни тимови Проширување на услугата во руралните места | Лица од ранливи групи на ниво на општина Свети Николе | 2.000.000 ден | Донатори-грантови МТСП Здружение на граѓани Буџет на општина Свети Николе | МТСП ЦСР Здружение на граѓани Општина Свети Николе ЈОУДГ Рахилка Гонева | 4г. |

## 5. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ

Според законот за социјална заштита МТСП издава дозвола за вршење работи од социјална заштита на правни и физички лица под услови утврдени со овој закон, утврдува стандарди и нормативи за давање социјални услуги. Соодветно на потребите на новите социјални услуги ќе се врши дополнително лиценцирање согласно со правилниците кои произлегуваат од Законот.

Изработиле:
Ивана Димитрова
Советник за социјална заштита и заштита на децата

Ивица Арсов
Раководител на Одделение за локален економски развој и јавни дејности

**Градоначалник**
**на Општина Свети Николе**

**Дејан Владев**

Врз основа на член 36, став 1,точка 15, како („Службен весник на РМ“ бр.5/02) а во согласност со член 141 и член 142 од Законот за социјална заштита (,,Службен весник на РСМ бр.104/19,,), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 13.04. 2022 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за формирање на општински Совет за социјална заштита**

**Член 1**

Со оваа одлука се формира општински Совет за социјална заштита на Општина Свети Николе.

**Член 2**

Општинскиот Совет за социјална заштита има обврска за изработка на социјален план за подрачјето на општина Свети Николе.

**Член 3**

Социјалниот план за подрачјето на општина Свети Николе треба да содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината.

**Член 4**

Градоначалникот, врз основа на социјалниот план, изготвува годишна програма за социјалната заштита, која ја донесува Советот на општината.

**Член 5**

Преставници на општинскиот Совет за социјална заштита се:

- Претставник/ци на општинската администрација,
- Претставник/ци центарот за социјална работа,
- Претставник/ци од даватели на услуги,
- Претставник/ци од здруженија,
- Претставник/ци од верски заедници
- Претставник/ци од други правни лица и физички лица кои вршат дејност на социјална заштита,
- Претставник/ци од установи од областа на образованието,
- Претставник/ци од здравствената заштита,
- Претставник/ци од установи вработувањето,
- Претставник/ци од полиција и/или јавно обвинителство, од подрачјето на општината.

**Член 6**

Мандатот на членовите на општинскиот Совет за социјална заштита е четири години.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавање во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801 - 39**

**13.04. 2022 година**

**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претседател,**

**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 141 и 142 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22)а во врска со Одлуката на Советот на Општина Свети Николе за формирање на општински совет за социјална заштита бр.0801-39 од 13.04.2022 година, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.02. 2023 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**За именување членови во општинскиот совет за социјална заштита на Општина Свети Николе**

1. За членови во општинскиот совет за социјална заштита во општина Свети Николе, а врз основа на доставените номинации од институциите, се именуваат:
   - Ивана Димитрова – Советник за социјална заштита и заштита на деца, Општина Свети Николе;
   - Славица Димова – Советник за социјална заштита и заштита на деца, Општина Свети Николе;
   - Ивица Арсов – Раководител на одделение за локален економски развој и јавни дејности, Општина Свети Николе;
   - Кирил Макаровски – Раководител на Сектор за нормативно правни работи, администрирање на даноци и комунални такси, локален економски развој и јавни дејности, Општина Свети Николе;
   - Весна Ѓорчева Ефтимова – стручен службеник - дипл.правник, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе;
   - Далибор Трајковски –соработник за матична евиденција, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, Деловница Свети Николе;
   - Сања Јанева – дипломиран логопед, ЈОУДГ „Рахилка Гонева“Свети Николе;
   - Цвета Тасева –дипл.правник,ЈЗУ Здравствен дом „Прим.Др.Ѓорѓи Гаврилски“ Свети Николе;
   - Зоран Наков – раководител – дипл.правник, Центарот за вработување Свети Николе;
   - Игор Златановски - помошник командир за јавен ред и мир и превенција во Полициска станица Свети Николе;Полициска станица Свети Николе;
   - Драгица Јованова – директор, ООУ „Даме Груев“ с.Ерџелија, Свети Николе;
   - Ивана Стојановска - стручен службеник – педагог, ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе;
   - Светлана Митрушов – дипл.социолог, ООУ „Кирил и Методиј“ Свети Николе;
   - Жаклина Милошева – директор, СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе;
   - Јасмина Трајчева – Организација на жените на општина Свети Николе;
   - Ѓорги Гилев – Црвен крст на РС Македонија – Општинска организација Свети Николе;
   - Ванчо Ѓоргиев – Здружение на инвалиди на трудот Свети Николе;
   - Павлина Гачева – Здружение на пензионери Свети Николе;
   - Сашо Тодоровски – Здружение Порака Свети Николе;
   - Ѓеорги Питов – Здружение на телесно инвалидизирани лица Свети Николе.

2. Начинот на работа на Советот за социјална заштита поблиску се утврдува со Деловникот за работа.
3. На конститутивната седница, Советот за социјална заштита носи одлука за формирање комисија која до следната седница на Советот за Социјална заштита треба да подготви Деловник за работа.

4. Мандатот на членовите на општинскиот совет за социјална заштита на Општина Свети Николе е 4 години од Донесување на решението. Решението може да се дополнува и менува со одлука на совет.

5. Решението стапува во сила со објавувањето на ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801 - 326**
**22.02. 2023 година**
**Свети Николе**

**Совет на ОпштинаСветиНиколе**
**Претседател**
**Валерија Ивановска**

ВИвановска